СВЕТИТЕ ОТЦИ ЗА БОЛЕСТИТЕ

# КОГА СУМ СЛАБ, ТОГАШ СУМ СИЛЕН



# КОГА СУМ СЛАБ,
# ТОГАШ СУМ СИЛЕН

*Светите отци за болестите*

Скопје, 2019

ПРАВОСЛАВНА ПЕРИОДИКА
ПРЕМИН

издава: Премин ДОО, Скопје
уредник: игумен Агатон
лектура: Петар Георгиевски
дизајн на корица: епп студио, Струмица
печати: „Вебпринт“, Скопје; „Технокарт“, Скопје
тираж: 1500 примероци

*Затоа радувајте се,*
*макар сега да сте малку во скрб, ако е потребно,*
*во разни искушенија, та вашата вера испитана,*
*да излезе поскапоцена од нетрајното злато,*
*па било тоа да е испитано и преку оган,*
*за пофалба и чест и слава,*
*кога ќе се појави Исус Христос,*
*Кого Го сакате, иако не сте Го виделе,*
*и во Кого верувајќи сега, а не гледајќи Го,*
*се радувате со неискажлива и прославена радост,*
*примајќи го крајот на вашата вера –*
*спасението на душите.*

(1 Петар 6–9)

## ПАТОТ БОЖЈИ Е СЕКОЈДНЕВЕН КРСТ

Болеста е вразумување Божјо, и ќе ни послужи за напредок доколку Му благодариме на Бог. Зарем Јов не беше верниот пријател Божји? И што сè тој не претрпе, благодарејќи и благословувајќи Го Бог? Најпосле, трпението го донесе до неискажлива слава. И ти претрпи малку, и „ќе ја видиш славата Божја“ (Јован 11, 40). Не тагувај поради постот – Бог од никого не бара напор што ги надминува неговите сили. И, што е постот ако не истоштување на телото, за да се смири здравото тело и страстите да не го надвладеат, според зборовите на апостолот: „Кога сум слаб, тогаш сум силен“ (2 Кор. 12, 10).

Болеста е поголема од ова истоштување и се смета за пост (дури и повеќе од него), за оној што ја поднесува со трпение, благодарејќи Му на Бог. Зашто, со трпението тој го здобива плодот на своето спасение. Наместо телото да го истоштува со пост, тој има болест. Благодари Му на Бог што си се

ослободил од трудот на постот. Дури и да јадеш десетпати на ден, не тагувај, затоа што нема да бидеш осуден поради тоа, оти не го правиш тоа по наговор на демонот и поради раслабеноста на помислите.

*Светите Варсонуфиј и Јован*

Кога прекумерно се вознемируваме поради тоа што сме се разболеле, треба да знаеме дека нашата душа сѐ уште е роб на телесните желби и со сета сила копнее по физичкото здравје, и не сака да ги загуби добрите нешта во овој живот, па дури и го смета за голема несреќа тоа што не може да ужива во нив поради болеста. Но, ако душата со благодарност ги прифаќа болките од болеста, јасно е дека не е далеку од бестрастието. Така, душата со радост ја чека смртта како влез во еден повистински живот.

*Свети Дијадох Фотикиски*

Ако душата е во добро здравје, телесните болести не се во состојба да му наштетат на човекот. Значи, болеста е зла само привидно.

Има зло кое, всушност, не е зло, иако го носи тоа име: такви се болестите и слични искушенија.

Кога навистина би биле зло, не би можеле за нас да станат извор на мноштво благослови.

*Свети Јован Златоуст*

Како можеме да ја сметаме болеста за вистинско зло, кога таа на многумина им била благослов, давајќи им начин да се стекнат со изобилството на вечната радост?

*Свети Јован Касијан*

Не ви посакувам и не сметам дека е добро за вас, поучени во божествените работи, да страдате од истите чувства како повеќето луѓе во светот, да дозволите телото да попушти, да очајувате поради страдањата како тие да се неизлечиви и неспасителни. Попрво, од вас сакам да останете спокојни во страдањата и да се издигнете над причината за вашата несреќа, гледајќи ја болеста како возвишен начин за да го добиете тоа што е најдобро за вас.

*Свети Григориј Назијанзин*

Бог често допушта добродетелните луѓе да бидат искушувани. Он дозволува отсекаде да навалат искушенија на нив – им го поразува телото како на Јов, ги фрла во сиромаштија, прави да бидат оставени од луѓето, им го одзема тоа што го стекнале. Само нивните души не можат да бидат допрени. И, воопшто, не е возможно да не искусиме тага, телото да не ни изнемошти во болестите и напорите, или да остане непроменето доколку одиме по патот на правдата или доколку засакаме да живееме добродетелно. Човекот што оди по Божјиот пат не треба да скршнува кога ќе се соочи со нешто слично, туку треба да се радува и без љубопитност да го прима тоа што ќе му се случи, благодарејќи Му на Бог што му испратил таква благодат и што се удостоил заради Него да биде искушуван, за да стане соучесник во страдањата со пророците, апостолите и останатите светии, кои поради тој пат претрпеле такви неволји. Од кој било да доаѓаат искушенијата – од луѓето, демоните или од телото, човекот треба да благодари. Зашто, невозможно е

Бог на оној што сака да пребива со Него да му направи некоја добрина без да му испрати искушение заради вистината. Исто така, човек без благодатта Христова не може да стане достоен да прими таква големина, односно да влезе во искушение и да се радува.

Ова дело, односно човекот да пострада поради надежта во Бог, е толку големо што свети апостол Павле отворено го нарекува дар, говорејќи им на Филипјаните: „Зашто, вам ви се даде дар поради Христос не само да верувате во Него, туку и да страдате за Него“ (Филип. 1, 29), и светиот апостол Петар пишува во своето Послание: „Но, ако и страдате за правда, блажени сте“ (1 Птр. 3, 14), зашто станавте соучесници во страдањата Христови.

Не прилега да живееш комотно и да се радуваш. Исто така, кога си во мака, не треба да си го правиш лицето мрачно, ниту да сметаш дека маката не е својствена за патот Божји. Затоа што, тој пат, отсекогаш и во сите поколенија, се пресекува со крст и смрт. И од каде ти е мислата дека со самоугодување можеш да го изодиш патот Божји? Затоа, разбери дека се наоѓаш надвор од патот Божји и дека

не сакаш да одиш по стапките на светиите, туку се обидуваш да си устроиш некој свој пат, по кој би одел ослободен од страдањата. Патот Божји е секојдневен крст. Никој не се искачил на небото живеејќи во удобности. Знаеме каде завршува широкиот пат.

*Свети Исак Сирин*

Бог не допушта болест за да нè унижи, туку затоа што сака да нè восоврши, да бидеме помудри и попослушни на Неговата волја, што е основа за нашето спасение.

*Свети Јован Златоуст*

Кога гледате дека телото се истоштува преку болеста, немојте да роптате, туку речете: „Господ даде, Господ зеде; нека е благословено името Господово“ (Јов 1, 21). Навикнати сте да гледате на своето тело како на неодвоива своина, но тоа е погрешно, зашто вашите тела се храм Божји.

*Свети Јован Кронштатски*

Вистински мудриот човек е во потрага по една единствена цел – да ја послуша и да ѝ се покори на волјата Божја. Со таква цел, човекот ја дисциплинира својата душа, и за сè што му се случува во животот, тој Му принесува благодарност на Бог за широчината и длабочината на Неговата промисла за сите нешта.

Апсурдно е да им бидеме благодарни на лекарите, кои ни даваат горки и непријатни лекови за лекување на телото, а да Му бидеме неблагодарни на Бог за тоа што ни изгледа безмилосно, без да сфатиме дека сè што ни се случува е за наша полза и согласно Неговата промисла. Зашто, познанието на Бог и верата во Него е спасението и восовршувањето на душата.

*Свети Антониј Велики*

Бог не ве заборава. Сакајќи да ја увеличи вашата слава, Тој често допушта да се разболите. Останете бодри и ќе Го слушнете како ви вели: „Мис-

лиш ли дека можев да постапам поинаку со тебе за да се покаже твојата праведност?“

*Свети Јован Златоуст*

Душата е поголема од телото – телото се разболува и со тоа се окончува. А духовната болест се пренесува и во вечноста. Избави нѐ, Господи, од такви болести и дај ни исцеление.

*Свети Макариј Велики*

Удобниот живот доведува до крајно несреќни последици. Во природата можеме да видиме дека пролетта не е секогаш пријатна и летата не се секогаш плодни, есента е понекогаш дождлива, а зимата студена и снежна; има поплави, ветрови и бури, дури и жетвата пропаѓа, па настапуваат глад, мака, болести и други непогоди. Сето тоа е полезно за да може човек да се вразуми и да се научи на трпение и смирение. Бидејќи, најчесто, во време на изобилие, човекот заборава на себеси, но во времињата на разни маки тој станува повнимателен кон своето спасение.

*Свети Амвросиј Оптински*

Кога вашата вера во Господ ослабнува, се поматува од светската суета или од болеста, било за време на живот во изобилие, било во време на болести и во часот на заминување од овој живот, и од ужасот и темнината на смртта, тогаш погледнете го со духовното око на срцето соборот на праотците, патријарсите, пророците и праведниците, како свети Симеон, кој Го држел Господ во прегратка, Јов, пророчицата Ана, и другите; апостолите, архиереите, преподобните отци, мачениците, јуродивите, праведните и сите светии.

Видете како тие, и за време на земниот живот и во смртниот час, непрестајно се надевале на Бог и починале со надеж во воскресение и живот вечен, и обидете се да ги следите.

Овие живи примери, кои се толку бројни, имаат сила кај секој христијанин да ја зајакнат колебливата вера во Господ и во идниот живот.

Христијанските заедници што не ги почитуваат светителите и не ги призиваат во молитвите многу губат од побожноста и од христијанската надеж. Се

лишуваат од утврдување во верата преку примерите на луѓе слични на нив.

*Свети Јован Кронштатски*

Ќе дојде време кога не прогоните, туку парите и овоземните добра ќе ги одделуваат луѓето од Бог. Тогаш многу повеќе души ќе бидат загубени отколку за време на прогоните. Од една страна, ќе ставаат златни крстови на куполите и на себеси, а од друга, насекаде ќе владеат зло и лага. Вистинската Црква секогаш ќе биде гонета. Оние што сакаат да се спасат, ќе се спасат преку болести и маки. Прогоните ќе се јават на многу подмолен начин и ќе биде мошне тешко за луѓето да ги предвидат гонењата. Ужасни ќе бидат тие времиња, ги жалам оние што тогаш ќе бидат живи.

*Свети Серафим Вирицки*

Не треба да се плашите од колера, туку од тешките гревови, оти смртта го покосува човекот како трева дури и без колера. Затоа, положете ја сета надеж во Господ Бог, без чија волја дури и птиците не умираат, а камоли, пак, човекот.

*Свети Антониј Оптински*

Пресвета Богородица непрестајно се моли за нас. Таа секогаш нѐ посетува. Кога и да Ѝ се обратиме во срцето, Таа е таму. По Господ, Таа е најголемата заштитничка на луѓето. Колку многу цркви има во светот посветени на Пресвета Богородица! Колку извори на исцеленија никнале на местата каде што се јавила Пресвета Богородица и ги благословила тие извори да бидат за исцеление на болните и на здравите! Таа секогаш е на наша страна, а ние толку често Ја заборавaме.

*Старец Тадеј Витовнички*

Ако овде не тагуваме, во оној ден нема да се израдуваме. Ако овде не претрпиме тешкотии и не заплачеме, во идниот век нема да најдеме изобилие и веселие. И колку повеќе сме нажалени и измачени, страдални и угнетени, толку повеќе утеха ќе најдеме. Наместо тага ќе добиеме радост, наместо сиромаштија – богатство, наместо малите земни добра – многу добра од небесните ризници, наместо телесни болести – душевно благоустројство, наместо оставање на светот – повик од Господ. И како ќе ни биде кога ќе го чуеме оној блажен глас, кој нѐ

повикува и ни говори: „Дојдете, благословени од Мојот Отец; наследете го царството, приготвено за вас од почетокот на светот“ (Мт. 25, 34). Треба да ја претпочитаме љубовта Христова дури и кога би ни претстоело секојдневно умирање. Да се предадеме на биење, на оган, на сечење, на трпење секакви маки, како што трпеле и светите маченици. Зашто, не им прилега само ним да љубат, туку и нам. И нивниот подвиг и стремеж не се различни со оглед на тоа дека сме една природа, односно Божји созданија, кои се создадени заради една цел – прославување на Бог преку исполнување на Неговите свети заповеди.

*Свети Теодор Студит*

## МОЛИТВА ЗА ИСЦЕЛЕНИЕ НА БОЛЕН

Христе, Заштитнику наш, посети и исцели го Твојот слуга (*името*) што страда, ослободувајќи го од секаква болест и тешка болка. Подигни го за да може да Те воспева Тебе и непрестајно да Те славослови, по молитвите на Богородица, Ти Кој си човекољубец.

Милостив Господи, посети и исцели го Твојот болен слуга (*името*), кој сега лежи на болничка постела, тешко страдајќи, како што Ти, Спасителу, некогаш си ја подигнал тештата на Петра и парализираниот човек носен на неговата постела, зашто Самиот Ти си ја понел болеста и немоќта на нашиот род, и со Тебе ништо не е невозможно, зашто си семилостив.

Господи Сесилен, Исцелителу на нашите души и тела, Ти Кој поразуваш и подигаш, Кој казнуваш и исцелуваш, посети го сега, со Твојата голема милост, нашиот болен брат (*името*). Простри ја Тво-

јата рака исполнета со исцеление и здравје, и подигни го од постелата и исцели ја неговата болест. Отстрани го од него духот на болеста и секоја болка, мака и треска со која е врзан, и ако има направено гревови и прегрешенија, дарувај му отпуштање и простување, зашто Ти си човекољубец. Да, Господи, Боже мој, сожали се врз Твоето создание, со милосрдноста на Твојот Единороден Син, заедно со Твојот Сесвет, Благ и Животворен Дух, со Кој си благословен, сега и секогаш и во вечни векови. Амин.




*Христос Седржител*, мозаик, црква „Света Софија", Истанбул, Турција, 13 век

*Блажен е оној човек кого Бог го вразумува.*
*Затоа не ја отфрлај казната од Седржителот,*
*зашто Он нанесува рани и Самиот ги преврзува;*
*Он поразува, и Неговите раце лекуваат.*

(Јов 5, 17–18)

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

271.2-468

Кога сум слаб, тогаш сум силен :
Светите отци за болестите / [уредник игумен Агатон].
- Скопје : Премин, 2019. - 20 стр. ; 16 см

ISBN 978-608-66350-0-8

1. Агатон, игумен [уредник]
а) Болести - Православни аспекти

COBISS.MK-ID 110543114